е-мобилност

Бул.Партизански Одреди 74 / 14 Скопје
info@elektromobilnost.mk
www.elektromobilnost.mk
тел. +389 70 267 622 / 070 266 383
Централен Регистар на РМ – ЕМБС: 6841864
Трансакциска сметка НЛБ: 210-068418640-256
Единствен даночен број: 4057013520204

**До**
**Совет на Град Скопје**

**Претседател на Совет**
**Г-ѓа Љубица Јанчева**

ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
СКОПЈЕ-SHKUP
15. 08. 201
| Број Numër | Прилог Shtese | Вредност Vlera |
|---|---|---|
| 07 - 7135 | | |

**Предлог:**
**Иницијатива за субвенционирање при набавка на електрични велосипеди и електрични скутери, преработка во електрични велосипеди и електрични скутери и бесплатни паркинзи за електрични и хибридни возила во Скопје**

Здружението на граѓани Електромобилност Македонија како единствена регистрирана граѓанска организација во Република Македонија која со своите активности континуирано повеќе од пет години делува во насока на промовирање на електричните возила поради бројните бенефиции за општеството, бара од Советот на Град Скопје поддршка за идејата да се овозможи полесен пристап на електричните возила до граѓаните.

НВО Електромобилност бара од Градоначалникот и Советот на Град Скопје да им обезбедат на граѓаните соодветни субвенции за набавката на електрични велосипеди и електрични скутери, како би ги мотивирале граѓаните да почнат да размислуваат да ги заменат традиционалните возила со внатрешно согорување со еколошки превозни средства.

Ги предлагаме следните субвенции за првите 1000 жители кои ќе аплицираат за набавка на електричен скутер и електричен велосипед:

- 100 еур субвенција при набавка на електричен тротинет;
- 150 еур субвенција при набавка на електричен велосипед;
- 200 еур субвенција при набавка на електричен скутер со моќност до 1.600 [W];
- 250 еур субвенција при набавка на електричен скутер со моќност над 1.600 [W];
- 250 еур субвенција за конверзија на скутер со внатрешно согорување во електричен скутер;
- 100 еур за набавка на сет за конверзија на класичен во електричен велосипед.

Граѓаните на Скопје ќе можат да ја користат субвенцијата за набавка само на едно превозно средство кое мора да остане во нивна сопственост најмалку две години.

За компаниите и физичките лица кои располагаат со електрични или хибридни возила, предлагаме градот Скопје преку ЈП Градски паркинг да овозможи **бесплатен (временски неограничен) паркинг** на отворени паркинзи и катни гаражи на целата територија на градот каде стопанисува претпријатието.

Со ваквиот чекор Градот ќе покаже иницијатива за намалување на загадувањето и бучавата во главниот град со што воедно ќе прикаже и значителни резултати во спроведување на проектот на Европската Унија, Ele.C.Tra (Електричен градски транспорт) каде што градот Скопје партиципира како град-партнер. Преку прифаќањето на ваквата иницијатива од страна на Градоначалникот и Советот на Град Скопје ќе се овозможи зголемена употреба на

електричните скутери и велосипеди во урбаните средини, како би можело во скоро време традиционалните мотоцикли да бидат заменети со електрични скутери. Воедно се очекува иницијативата да допринесе кон подигнување на свесноста на граѓаните и јавните институции за менување на навиките со цел да се развијат други иновативни превозни средства во урбаните средини.

Поддршката на ваквата иницијатива ќе значи сериозен чекор кон промоција на е-мобилноста во градот Скопје што воедно ќе биде и дополнителен мотив за општините во нашата држава кон приклучување на ваквата идеја.

Здружението на граѓани Електромобилност Македонија стои на располагање на градот Скопје во процесот на спроведување на инцијативи и проекти поврзани со промоција на електромобилноста (електричен транспорт) во насока на подигнување на свесноста и перцепцијата на граѓаните кон новите трендови во мобилноста кои нудат значајни бенефиции за општеството и животната средина.

Со почит,

Дата
15.08.2018

Подносител
Здружение на граѓани
Електромобилност Македонија

Здружение за електрична возила ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА Скопје